Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на ден од дневни настани 08.02.2024

На 07.02.2024 околу 20.30 часот во близина на с.Крупиште, општина Карбинци, полициски службеници од Секторот за меѓународна полициска соработка – Отсек потраги со полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода Г.Т.(38) од с.Долни Балван, општина Карбинци. Тој бил осуден на казна затвор од две години за сторено кривично дело по член 259 од Кривичниот законик, а бил баран по потерница врз основа на наредба од Казнено – поправната установа Затвор Струмица за доиздржување една година и еден месец од казната. Лицето било спроведено во установата за доиздржување на казната.

На 07.02.2024 околу 21.00 часот во близина на хотел во Гевгелија, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор и гранични проверки Богородица при Регионалниот центар за гранични работи Југ го лишиле од слобода А.М.(21) од Скопје. Околу 20.00 часот во близина на с.Богородица, гевгелиско, полициски службеници забележале дека во возилото „ауди" со косовски национални ознаки, кое го управувал, влегуваат мигранти, по што даде знак за негово запирање. Тој не застанал и продолжил со движење на автопатот А1 во правец Гевгелија – Скопје и во близина тунелот „Јаворица" ги истоварил мигрантите. После тоа, се вратил назад на автопатот А1 во правец Скопје – Гевгелија и во 21.00 часот бил запрен и лишен од слобода. По пребарување на теренот биле пронајдени четири лица мигранти од Сирија. За настанот бил известен јавен обвинител, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (08.02.2024) во 01.15 часот на подрачјето на Ѓорче Петров во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Н.М.(19) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.02.2024 во 17.15 часот на ул.„Горан Миноски" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода Е.Ц.(42) од Прилеп затоа што кај него биле пронајдени и одземени повеќе таблети трамадол. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.02.2024 во 16.00 часот во близина на Транзитниот центар Табановце, полициски службеници од Полициската станица за Граничен надзор Сопот ги приведе А.Ф.(24) и У.Х.(21), двајцата од Република Турција. По извршени проверки и службен разговор со них било констатирано дека илегално влегле во државата. Тие биле предадени на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (07.02.2024) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 196 возачи. Од нив тет возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 114 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 82 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (07.02.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 152 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина девет санкции, 14 мерки за возење без возачка дозвола, 13 санкции за користење мобилен телефон при возење, осум мерки за некористење сигурносен појас...

На 07.02.2024 во 13.00 часот во Полициската станица Карпош, З.С.(53) од Скопје пријавил на ул.„Бледски договор" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 07.02.2024 во 23.35 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Б.П.(32) од с.Бардовци, скопско, пријавила дека на ул.„Новопроектирана" во Скопје била касната од куче скитник.

На 07.02.2024 во 16.30 часот во Полициската станица Чаир, И.И.(74) од Скопје пријавил дека на ул.„Бутелска" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 07.02.2024 во 13.00 часот во Струга, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при ОВР Струга го лишиле од слобода Е.М.(20) од Струга затоа што кај него била пронајдена и одземена бела гранчеста материја. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.02.2024 во 22.25 часот во угостителски објект во близина на каналот „Студенчишта" во Охрид, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид го приведе Б.Р.(45) од Охрид затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По документирање на настанот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.02.2024 во 17.55 часот во близина на спортски комплекс во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид ги приведе М.Т.(20) и А.М.(22), двајцата од Охрид, затоа што при преглед кај нив М.Т. се обидел да фрли кеса со марихуана. Дрогата е одземена и по целосно документирање на настанот ќе следува соодветна пријава.

ОВР Кавадарци поднесе кривична пријава против П.М.(24), И.Н.(29), двајцата од Кавадарци и С.Р.(19) од Неготино поради основи на сомневање за сторено кривично дело „разбојништво", казниво по член 237 од Кривичниот законик. На 24.10.2023 во близина на бензинска пумпа во населба Глишиќ во Кавадарци, пријавените физички го нападнале Ф.Н.(23) од Кавадарци и му го одзеле мобилниот телефон.

На 07.02.2024 од 10.00 до 14.00 часот на подрачјето на ОВР Струга извршени се засилени сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници затекнале и санкционирале 29 возачи на моторни возила кои во населено место ја пречекориле дозволената брзина на движење.

На 07.02.2024 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле санкционирани 21 прекршоци од кои, 8 надвор од населено место и 13 во населено место.

Во рамките на акциска контрола, спроведена на неколку пунктови во Тетово и Гостивар, вчера (07.02.2024) од 10.00 до 15.00 часот вкупно биле откриени и санкционирани 6 возила, односно возачи (ТЕ-5 и ГВ-1) кои вршеле јавен превоз без потребните документи. На сите им се изготвени поднесоци по член 284-а од Кривичниот законик.

На 08.02.2024 во 05.00 часот на наплатна станица Романовце на автопатот Куманово - Крива Паланка, полициски службеници од Мобилната единица за безбедност на патниот сообраќај дале знак за запирање на патничко моторно возило „рено" со скопски регистарски ознаки. Возилото продолжило со движење, по што во близина на клучка за Крива Паланка возачот го запрел возилото и го напуштил местото. При преглед во возилото биле пронајдени 10 лица мигранти од Сирија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.02.2024 во СВР Штип, вработен во менувачница во Штип пријавил дека при размена на евра во менувачницата, кое ги донело лице од Штип, забележал дека парите се фалсификат. Полициски службеници од Отсекот за криминал при СВР Штип излегле на местото и констатирале дека парите ги донел Д.М., за кои извјавил дека ги земал од лице од Скопје кое на 06.02.2024 од него купило мобилен телефон. Банкнотите биле одземени и предадени на вештачење. Се работи на расчистување на случајот, по што ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.02.2024 во 11.50 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.С.(65) од Скопје затоа што околу 17.00 часот во домот физички ја нападнал неговата 62 - годишна поранешна сопруга и й се заканил со остар предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.02.2024 околу 13.00 часот од Градската општа болница „Св.Наум Охридски" во СВР Скопје е пријавено дека кај нив е донесен П.П.(24) со прострелна рана во ногата. Според пријавеното, во него во близина на поликлиниката Бит Пазар во Скопје пукал Р.Ш.. Увид извршила екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.02.2024 во 13.30 часот во СВР Скопје, З.Т.(45) од Скопје пријавил дека на 06.02.2024 околу 16.45 часот на подрачјето на Гази Баба во Скопје, по претходно недоразбирање околу работни задачи, бил физички нападнат од О.Т., сопственик на фирмата каде што работел. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.02.2024 во 18.45 часот во СВР Скопје, С.М.(46) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Шуто Оризари во Скопје, неговата малолетна ќерка била физички нападната од неговиот сосед Е.Е., а по кратко време и тој бил физички нападнат од соседот и неговите брат и снаа. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.02.2024 во 11.30 часот во СВР Штип било пријавено дека во с.Оџалија, општина Карбинци, настанал пожар во штала, сопственост на А.Ć.(80) од селото. Притоа, со повреди се здобил сопственикот и починал на местото. Лекар од итна медицинска помош констатирал смрт, а по наредба на јавен обвинител телото на починатиот било дадено на семејството.

На 06.02.2024 во 15.20 часот во СВР Скопје, З.Ј.(39) од с.Неготино, гостиварско, пријавил дека во периодот од 11.10 до 12.00 часот од неговата канцеларија во зградата на МРТВ, каде што работел, му бил одземен паричник. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.02.2024 во 17.10 часот во Полициската станица Струга било пријавено дека во домот во кој живеела во Струга била пронајдена почината П.А.(73) од Струга. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без видливи траги на насилство, а увид извршила екипа од Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга. По наредба на јавен обвинител телото на починатата било дадено на обдукција.

На 07.02.2024 во 19.50 часот во Полициската станица Кисела Вода, П.И.(42) од Скопје пријавил дека на ул.„Христо Татарчев" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 07.02.2024 во СВР Битола, К.П.(41) од Битола пријавила дека на ул.„Методија Андонов Ченто" била касната од куче скитник.

На 07.02.2024 во СВР Битола, П.Т.(71) од Битола пријавил дека на ул.„Глигор Прличев" бил каснат од куче скитник.

На 07.02.2024 во 14.20 часот, Ф.Л.(38) од Охрид во полициска станица пријавил дека на улицата „Партизанска" во Охрид бил каснат од куче скитник.

На 07.02.2024 во 13.30 часот, Р.Б.(40) од Кичево во полициска станица пријавила дека на улицата „4 Јули" во Кичево била касната од куче скитник.

СВР Скопје - Единица за насилен криминал поднесе кривична пријава против Н.Б.(53), Н.Х.(26) и Т.Љ.(21), сите од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „грабнување". На 28.06.2023 во Скопје, пријавените со закана со огнено оружје и употреба на физичка сила го извадиле Ц.Б.(47) од неговото возило и го одвеле во напуштена куќа каде го присилиле да потпише договор за продажба на стан, со цел од парите од продажба да му врати долг од 5.000 евра на пријавителот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против Д.С.(53) од Крива Паланка поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба". Во периодот од мај 2023 до јануари 2024 од имот во с. Жидилово, сопственост на тројца браќа, пријавениот одзел повеќе предмети.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против Д.Н.(34) од Крива Паланка поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 11.01.2024, пријавениот физички го нападнал В.С. од Крива Паланка и му нанел повреди.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.Д.(22) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „загрозување на сигурноста" и „телесни повреди". На 23.11.2023 во тетовско село, пријавениот физички ја нападнал својата сопруга и й упатил закани.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против В.Л.(40) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда" при семејно насилство. На 29.03.2023, пријавениот физички ја нападнал неговата 32-годишна сопруга и й упатил закани.

Регионален центар за гранични работи Исток поднесе кривична пријава против К.О.(41) од Република Турција поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 01.02.2024 на Граничен премин Деве Баир, пријавениот на увид приложил фалсификувана меѓународна зелена карта за товарното возило кое го управувал.

СВР Битола поднесе кривична пријава против М.И.(46) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 06.02.2024, полициски службеници извршиле претрес во домот и помошните простории на пријавената, при што биле пронајдени и одземени марихуана и семки од растението канабис.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против А.В.(18) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги и психотропни супстанци и прекурзори". На 07.01.2023 во с.Балиндол, гостиварско, пријавениот бил затекнат како фрла кутија со марихуана, која била пронајдена и одземена.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив според законот

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Учет